Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
Б.БАНСКО СТРУМИЦА -

Архивски број: 03-501/1
Датум: 23. 11. 2023

Врз основа на член 193 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19) и член 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од Статутот бр.01-356/3 од 02.07.2019 на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, Директорот отвори:

## ЈАВЕН ПОВИК
### за формирање на Советот на корисници

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица врз основа на член 33 став 1 од од Статут на Установата објавува јавен повик за формирање на Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со член 33 став 2 од Статут на Установата , според кој за член на Совет на корисници може да биде избирано лице кое е :

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител / старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудувано со правосилна судска пресуда
- лице кое не му е одземно родителско право
- државјанин на Република Северна Македонија

**При поднесување на апликацијата лицето односно** кандидатот кое се јавува на **јавниот повик треба да ги достави следниве документи:**

- **потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или стратател на лице корисник на права или услуга од надлежност на установата**
- **потврда за неосудуваност**
- **потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право**
- **кратка биографија**
- **мотивационо писмо**
- **државјанство**

Јавна установа –Завод за заштита и рехабилитација Б Банско Струмица

Ул. „...Б.Банско бб. Струмица
Република Северна Македонија

+38934377169:070253169
www.zavodbansko.com.mk

# -ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА Б.БАНСКО СТРУМИЦА -

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена .

Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.

На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управниот одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашање што се од интерес за корисниците и установата.

Советот на корисници делува во рамките на соработката на установата со корисниците на права и услуги од надлежност на установата, заради разгледување на прашања кои се од заеднички интерес на установата и корисниците

За избор на членови на Советот на корисници, Директорот на установата формира Комисија составена од 3 члена од редот на вработените стручни работници во установата.

Јавниот повик за основање на Совет на корисници се објавува на веб-страната на установата и огласна табла на Установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловник за работа на Советот на корисници.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 8 работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик (не сметајќи го денот на самото објавување).

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација
Бања Банско
Директор
Николинка Георгиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА